Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 59, став 1, точка 7 од Статутот на Централна кооперативна банка а во врска со член 86, став 1, точка 8 од Законот за банките, Собранието на акционерите на Банката, на својата Седница на Годишното собрание на акционерите, одржана на 30.5.2025 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за именување независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Член 1**

За независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје се именува лицето Нели Димитрова Кордовска.

**Член 2**

Лицето од член 1 на оваа одлука се именува со мандат во траење од 4 (четири) години, сметано од денот на добивање претходна согласност од НБРСМ.

**Член 3**

Се задолжуваат стручните служби на Банката да ја спроведат постапката за добивање претходна согласност од НБРСМ за именување на независен член на Надзорниот одбор.

**Член 4**

По добивање на претходна согласност од НБРСМ, да се спроведе постапка за упис на именуваното лице во Централниот регистар на РСМ.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила по добивање на претходна согласност од НБРСМ.

***Образложение***

Со измените и дополнувањата предвиден е непарен број на членови на Надзорниот одбор, а воедно и со проширувањето на составот на Надзорниот одбор, се одлучи за избор на нов независен член на Надзорниот одбор.
Од погоре наведените причини, Собранието на акционерите на ЦКБ АД Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**СА бр. 0201 – 20**
**30.5.2025 год.**
**С К О П Ј Е**

**Претседавач,**
**Г. Смилен Цинцарски**

Централна коопера... * Скопје *